Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ 4/03,2/06,15/07,2/10,21/10,1/15,8/18,16/19 и 29/19), како и Одлуката за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2023 година, Бр.08-10314/1 од 29.12.2022, а со тоа и реализацијата на Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2023 година, Програмата Г1, Поддршка на ЛЕР донесена од Советот на Општина Струмица, бр 08-10376/1 од 30.12.2022 год („Службен гласник на Општина Струмица бр. 22), Градоначалникот на општина Струмица објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-2961/2
10-04-2023 год.
СТРУМИЦА

# ЈАВЕН ПОВИК

за

**Избор на стручно обучено лице**

за оперирање со веб платформата составен дел на центарот како и организрање и спроведување на три активности во рамките на три посебни тематски содржини како појдовна основа за развивање на современо земјоделско производство во функција на работата на Регионалниот центар за одржлив развој за 2023 година, соодветно на потребата за реализацијата на Активност бр 3 од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот во 2023 година, Програма G1 Поддршка на ЛЕР

## 1. Потреба на јавен повик

Општина Струмица преку Одд за ЛЕР како надлежно одделение за развивање и унапредување на Локалната економска политика а со цел потикнување и стимулирање на младите идни предприемачи заради нивно вклучување во заедницата како активни чинители во рамките на постоечките бизниси или новите стартап бизниси, уште повеќе потикнување, стимулирање и вклучување на младите земјоделци во современото земјоделско производство низ примената на новите дигитални можности како нови иновативни начини и модели на развивање и унапредување на земјоделството во локалната заедница, односно струмичкиот и василевскиот регион во рамките на имплемнтацијата на Проектот „Унапредување на Локалниот економски развој и руралниот одржлив развој во сите сегменти на меѓуопштинската соработка помеѓу Општините Струмица и Василево со посебен осврт на предприемништвото и земјоделството низ процесот на примената на современи дигитални алатки“ стави во функција Регионална канцеларија со Обучен центар за поддршка на земјоделството, туризмот и одржливиот економски развој во струмичкиот микрорегион **именуван како Регионален центар за одржлив развој на Струмица и Василево**.

Во таа насока Одд за ЛЕР како надлежно одделение заради непречено функционирање и работа- одржливост, започнува јавна транспарентна постапка за избор на стручно обучено лице за оперирање со веб платформата составен дел на центарот како и организрање и спроведување на активности планирани како дел од работата и функционирањето на Регионалниот центар за одржлив развој за 2023 година низ неколку клучни области на делување во функција на потребите на целните групи, соодветно на потребата за реализацијата на Активност бр 3 од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот во 2023 година, Програма G1 Поддршка на ЛЕР.

**2. Цел на јавниот повик**

Целта на јавниот повик е Градоначалникот на општина Струмица во рамките на своите овластувања, преку надлежното Одд за ЛЕР, да спроведе јавна транспарентна постапка заради обезбедување на дополнителен човечки ресурс (стручно обучено лице) кое **до крајот на 2023 година ќе работи по два часа, пет работни дена во неделата** и во целост ќе одговори на потребите за непреченото функционирање на центарот во насока на реализација на планираната Активност бр 3 од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот во 2023 година, Програма G1 Поддршка на ЛЕР во функција на постигнување на општата цел **„Дигитализирани млади предприемачи и земјоделци, зголемени приходи, задоволни граѓани -засилена локална и регионална економија“.**

За таа цел, во рамките на процедурата Градоначалникот на општина Струмица именува Комисија за спроведување на Јавен повик за избор на стручно обучено лице за оперирање со платформата составен дел на центарот како и организрање и спроведување на активности планирани како дел од работата и функционирањето на Регионалниот центар за одржлив развој за 2023 година низ неколку клучни области на делување во функција на потребите на целните групи, соодветно на потребата за реализацијата на Активност бр 3 од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот во 2023 година, Програма G1 Поддршка на ЛЕР, која има за задача:

1. Во рок од 5 работни дена по истекот на крајниот рок за пријавување на Јавениот повик:
   - Да ја разгледа пристигната комплетна документација од пријавените кандидати наведена во јавниот повик;
   - Да подготви листа на кандидати кои ги исполнуваат критериумите наведени во јавниот повик;
   - Да изготви Записник од извршена евалуација со предлог бодовна листа на кандидати;
   - Да достави до Градоначалникот на општина Струмица Записник со предлог бодовна листа на кандидати, согласно која во понатамошна постапка Градоначалникот донесува Решение за избор на стручно обучено лице за оперирање со платформата составен дел на центарот како и организрање и спроведување на активности планирани како дел од работата и функционирањето на Регионалниот центар за одржлив развој за 2023 година низ неколку клучни области на делување во функција на потребите на целните групи, соодветно на потребата за реализацијата на Активност бр 3 од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот во 2023 година, Програма G1 Поддршка на ЛЕР;

2. Во понатамошна постапка да го заврши целиот процес :
   - По донесувањето на Решението од Градоначалникот во рок од 5 дена писмено да ги извести сите пријавени кандидати за изборот согласно Решението;
   - Решението јавно да го објави на општинската веб страница;
   - Во соработка со општинската правна служба да подготви правен документ(Договор за Услуга) и истиот да го достави на одобрување и потпишување до двете договорни страни;

3. По потпишувањето на Договорот со избраниот кандидат:
   - Во целост да го следи постапувањето и исполнувањето на обврските на избраниот кандидат произлезени од самиот договор и да реагира соодветно и навремено согласно потребата;
   - Да ја следи работата на избраниот кандидат со кој се склучува договорот во

функција на напредокот, достигнувањата и резултатите од функционирањето на Регионалниот центар за одржлив развој сместен во просториите на повеќенаменскиот центар, сопственост на Општина Струмица;

- Да подготвува извештаи со кои пред Градоначалникот на општина Струмица, Советот на општина Струмица, донаторот и пошироката јавност во локалната заедница ќе известува за реализацијата на активностите произлезени од работата и функционирањето на центарот во 2023 година од страна на општината како една од потписничките на договорот за меѓуопштинска соработка во чии рамки е потврдена заложбата на двете општини за идната одржливост на заедничкиот центар;

**Поточно, планираните финансиски средства во вредност од 200.000,00 денари во Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот за 2023 година, Програмата Г1 поддршка на ЛЕР во Активност бр 3- Реализација (финансиска поддршка) на активности како дел од работата и функционирањето на новиот Регионален центар за одржлив развој ги стави во функција на потребата како општинска финансиска поддршка на функционирањето на истиот во 2023 година.**

**3.Право на учество**

На Јавниот повик право на учество имаат:

- Сите заинтересирани граѓани (физички лица) жители на општина Струмица кои имаат доволно капацитет и стручност да одговорат на обврската согласно потребата за која се објавува јавниот повик.

**4. Потребни документи за пријавување**

Кандидатите кои пројавуваат интерес на јавниот повик треба да доставaт комплетна документација:

1. Копија од лична карта како доказ за жител на Општина Струмица;
2. Диплома за завршено високо образование (Факултет за земјоделски науки - агроекологија);
3. Автобиографија(CV) со прилози сертификати и други докази за стекнато знаење искуство и придонес во областа на земјоделието, заштита на почвата и животната средина;
4. Потврда за помината обука за оперирање со веб платформа ќе се смета за предност;
5. Во прилог на документацијата посебно разработени концепти или планови за реализација на три посебни активности во рамките на три тематски области како појдовни основи за понатамошбното делување и унапредување на земјоделието во струмичко- василевскиот регион како дел од работата и функционирањето на регионалниот центар за одржлив развој на Струмица и Василево.
   - План за реализација на активноста „Мапирање на земјоделските семејства и приходи на живеење во земјоделските семејства во струмичко-василевскиот регион“
   - План за реализација на активноста “ Истражување на земјоделските активности и нивното влијание врз животната средина и биодиверзитетот во струмичко-василевскиот регион”
   - План за реализација на „Присуство на ентомофауната во земјоделските посевите со градинарски култури и тутун во струмичко-василевскиот регион“

**Напомена:**
**Секој недостаток на било кој од наведените документи е елиминаторен критериум!**

**5. Критериуми за избор**

- Комплетна документација;
- Содржајност на автобиографијата;
- Содржината (реална остварливост на концептите-палновите за реализација на трите активности );
- Распоредот на расположивите општински буџетски средства во функција на потребата;

**6.Начин на пријавување на јавниот повик**

Потребната документација за пројавување на интерес по објавениот Јавен повик се доставува во затворен плик по пошта, на адреса Општина Струмица, ул.„Сандо Масев“ бр.1, 2400 Струмица или на рака во архивата на Општина Струмица со назнака на предната страна од затворениот плик „ **За Јавен повик за Пројавување интерес за Избор на стручно обучено лице** за оперирање со веб платформата составен дел на центарот како и организрање и спроведување на три активности во рамките на три посебни тематски содржини како појдовна основа за развивање на современо земјоделско производство во функција на работата на Регионалниот центар за одржлив развој за 2023 година, соодветно на потребата за реализацијата на Активност бр 3 од Програмата за активностите на Општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризмот во 2023 година, Програма G1 Поддршка на ЛЕР.

**Јавниот повик е со важност од 10 работни денови, вклучително и денот на објавувањето на Јавниот повик на општинската веб страница.**

**Лице за контакт:**
**Тони Милушев**
**toni.milusev@strumica.gov.mk**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**КОСТАДИН КОСТАДИНОВ**